Врз основа на член 42, став 1, алинеи 1 и 5, член 90, став 1, точка 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, 58/2024 и 124/2025), член 23, став 1, алинјеи 1 и 4, и член 34 од Статутот на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година и бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 година, Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија објавува

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 3/2025**

за избор на членови од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија, во **Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност:**

- **6 (шест) лица од редот на професорите**, во работен однос на универзитетите во Република Македонија

*Услови за избор:*

- да имаат објавено најмалку 10 научни труда во референтна научна публикација, освен професорите по стручно уметнички предмети;
- да не се избрани за ректор, проректор или претседател на сенат на универзитет, декан или продекан на факултет, односно директор на висока стручна школа, директор на научен институт кој изведува високообразовна дејност, член на Одборот за акредитација или член на Одборот за евалуација.

- **1 (едно) лице од редот на студентите**

*Услови за избор:*

- да е редовен студент на универзитетите членки на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија.

*Кандидатите поднесуваат:*

- пријава за повикот;
- кратка биографија (CV)
- пополнет образец за податоци (достапен на веб страницата на УКИМ, рубрика „ИКРСМ“, на линкот https://ukim.edu.mk/ikrsm/aktuelni-javni-povici/ ).

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија, согласно со Законот за високото образование и Статутот на Интеруниверзитетската конференција.

Јавниот повик трае **5 работни дена**, сметано од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат:

- по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје;
- електронски, на е-адреса: rpavlova@ukim.edu.mk

**Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија**